СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумнаесеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 ноември 1993 година

Скопје, ноември 1993 година

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумнаесеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 ноември 1993 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Шеесет и шестата седница.

Пратениците Митко Анастасовски, Иван Иванов, Петар Горѓиев, Симон Наумовски, Благоја Чкатроски, Драги Гроздановски и Панче Насев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми да ве потсетам дека седницата на Собранието беше прекината поради немање на доволен број на пратеници пред да се изјасни Собранието по Предлогот на заклучокот по Информацијата за актуелните состојби во развојот на спортот во Република Македонија.

Предлогот на Заклучокот што е содржан во Извештајот на Комисијата за образование, наука и култура заедно со Предлогот на заклучокот поднесен од пратеникот Панчо Минов го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеници)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на заклучокот.

Со оглед на тоа што по завршувањето на оваа седница ќе започне 68-та седница, предлагам делот на пратеничките прашања од оваа седница да го поминеме заедно со пратеничките прашања од 68 седница.

Дали се согласувате? (Се согласуваат).

Бидејќи е исцрпен дневниот ред, ја заклучувам 66-та седница

(Седницата заврши во 12,05 часот)